

Според своето ветување почнав да ја препишувам филадата со трескава дејност (тоа препишување не малку ми помогна во јазикот). За своите часови немав никаква грижа. Си позволував дури и чести отсуства. Тогаш часовите беа толку суви, што отсуствата и не се сметаа за смртен грев.

Еднаш (през учителствувањето на Андроника Јосифчев, добар и дејателен учител охриѓанец) четворица ученици се согласивме да одиме в поле. Таму, во Далјанската Река, ловевме мали јагулчиња. За ручек си доаѓавме дома, а по ручек пак се собиравме на река. Што да правиме? Неумолива беше нуждата за разонода. А училиштето беше ни омрзнало. Игрaва продолжи четири-пет дена. После, некојси ја извести мајка и таа со горка потсмевка фати да ме бие по стопалата со драпаво дрво. Градот се огласи од моите викови. Но мајка во тепањето не покажа милост и после ми ги кладе нозете во густосолена вода, претходно приготвена. Таа беше се решила да ме излекува еднаш за секогаш од болеста на отсуствата, и успеа.

Долго време ја препишував филладата. Кога го свршив делото, го претставив Евтиму Балазу којшто ми го порача. Цели часови тој испитуваше дали преписот е точен. Не најде ниедна грешка. Он направи сметка (јас сметање не знаев) и ми рече дека треба да ми плати шеснаесет гроша. Но, он постапи великодушно: ми даде четири бешлаци, што ми се видоа како четири милиона. Кога врачив парите мајце си, очите и блеснаа: не поради

значителноста на сумата, но од радоста што го видела првиот плод на мојот труд. Како што гледате, никој можеби не работел толку евтино како мене. Но имавме и други средства: мајка ведеше пилиња, а јас продавав јајца.

Еднаш Анастас Серезлија, доктор Грк, којшто насекаде со ентузијазам ги фалеше моите успеси, и секојпат бесплатно ме лекуваше, ме виде в чаршија каде седам на еден камен, изѕемнат од студ, и во скутот си држев десетина јајца за продавање, и ми рече по грчки:

- Стани!

Станав.

- Колку пари ги продаваш?

- По три пари.

Он ми ги плати по пет пари.

- Никогаш да не седиш на камен. Разбра ли?

- Разбрав.

- Дај клетва.

И се заколнав.

- Јас имам четири сина, но тебе те љубам повеќе. Не сакам да те лекувам пак, не што си го жалам трудот или лековите, но ти го жалам здравјето. (Илјада поклони пред сенката негова...)

Очигледно е дека животот не ни беше охолен. Но имавме и друго средство: през јунија и јулија проучек продавав црници. Се натпреваруваа светот кој понапред да купи. Многупати дури Турците не го оставаа христијанинот да купи. И така секогаш навреме се наоѓав на училиште.

Еден ден, ужасниот (3 јули 1840) мајка падна од црница. И денес кога не си го спомнам тоа приклучение, трескави морници сеќавам по плеќите, а по бедрата едно неописимо болежно чувство: како да ми се топи лојот. До Бога писнав кога ја видов мајка спрострена, полумртва.

-Нема ништо, - рече таа, си ја поисправи главата и го виде средниот прст на десницата шинат меѓу првата и втората фаланга (зглоб) и грозно искривен. Ако и да беше како пијана од паѓањето, таа зеде да го тегне шинатиот прст со сета сила, додека коските скрцнаа и се наместија во физиолошкото состојание.

- Сега немај гајле – рече таа.

Сосетките се притекоа, ја фатија под мишки, ја однесоа в куќи, и послаа и ги употребија сите средства што има беа под рака за да и олеснат на пациентката.

Никогаш во животот не сум бил толку тажен колку тој ден. Бев сеедно при нејзината постела. Очите ми беа сеедно во лицето нејзино приковани. Мајка ја сеќаваше мојата болка, можеби повеќе од својата и болежно се усмевнуваше.

- И тоа ќе мине, синко! Нашата муренка е благословена. Таа е нашиот ангел-чувар. Јас ја почитам за свето нешто. Мнозина паднале од неа но никој не се убил. Иван... и тој

падна... билем (дури) од најголемата висина (и ми покажа една гранка од најголемото дрво), но ми го варди Господ, ништо не пати. Не гледаш ли колку жени идат катаден... и земаат од кората нејзина за лек против секаков пришт.

По неколку дена мајка оздраве и фати да работи како обично.

*Од „Автобиографијата“ на Григор Прличев*